**И З В Е ШТАЈ**

Од одржзна обука на тема **„ Практични пристапи кај децата со аутизам и АДХД“.** Обуката ја организиравме во соработка со Основното и средно училиште „9 Мај“ од Зрењанин, Р.Србија. Се одржаа три дводневни обуки во периодот од 25 до 30.09.2015 година, од кои две во Скопје и една во Струмица , со вкупно учество на 108 стручни лица- дефектолози, логопеди, наставници, психолози идр. Обуката се одвиваше по следната:

**П Р О Г Р А М А**

I. **Современи дефиниции и нови научни истражувања за аутизам и АДХД**

**Предавач: Јелена Паниќ, дефектолог-воспитувач, реедукатор на психомоторика**

**II. Теориски основи и примена на АБА методата во училница**

- Научна основа;
- Меѓународни облици на работа и нивоа на АБА методата;
- Едукација за начин и практична примена на АБА во училница во различни ситуации

**Предавач: Драгана Клац, дипл.дефектолог-логопед**

**III. Модели на практична примена на методата ТЕАССН**

- Примена на методата ТЕАССН на развојни нивоа;
- Начинот на примена на ТЕАССН и практична примена во различни ситуации и проблеми кои се решаваат

**Предавач: Јелена Паниќ, дефектолог-воспитувач, реедукатор на психомоторика**

**IV.Основи и примена на музикотерапија во работата со деца со аутизам и АДХД**

- Теориски основи на музикотерапијата;
- Нивоа на музикотерапија и можности за примена на различни развојни норми;
- Формирање на пристап во музикотерапијата за деца

**Предавач: Снежана Олушки, дипл.дефектолог-олигофренолог, музикотерапевт**

**V. Мултидисциплинарност и практична примена во работата со децата со аутизам и АДХД**

- Метод кој е имплементиран и се користи во специјалните и инклузивните училиштата во Р.Србија;
- Презентација и практична демонстрација на мултидисциплинарноста

**Предавач: Јелена Паниќ, дефектолог-воспитувач, реедукатор на психомоторика**

**VI. Изработка на ИОП – методи и пример за добра пракса без употреба на готови ресурси**

- Спроведување активности во вид на ИОП;
- Наставниците имаат слобода во креирањето и спроведувањето на ИОП;
- Презентација и демонстрација на примената на методи во изработка на ИОП

**Предавачи: Јелена Паниќ,Снежана Олушки,Драгана Клац**

***Обуката бешее дводневна, со активно времетраење од вкупно 16 часа, составена од два дела***.

*По совладаната обука, учесниците се оспособени да користат елементи, методи и техники во своите училници во работата со деца со пречки во развојот, но и со сите останати деца. Методите се практично употребливи и препорачливи за работа со деца од 3 до 7 години, како и со деца од прво до петто одделение во основните училишта.*

**Обуката е акредитирана од страна на Заводот за унапредување на образованието и воспитанието на Република Србија, каталошки број 927, К2 компетенција- помош при учење на децата со пречки во развојот и носи 16 часа акредитација.**